Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 2 и член 22 став 2 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија” број 71/06, 117/08, 148/09, 17/11 и 24/13), министерот за образование и наука донесе наставна програма по ***Практична настава*** за **III година** , текстилно-кожарска струка – образовен профил конфекциски компјутерски оператор за учениците во средното стручно образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

III ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

Конфекциски компјутерски оператор

Скопје, 2013 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: конфекциски компјутерски оператор
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1.Практична обука

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 216 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***Практична настава*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува да:

- скицира, анализира и опишува даден модел;
- ги идентификува кројните делови за избраниот модел;
- изработува кројна слика, рачно/компјутерки, со рационално искористување на материјалот;
- пресметува потрошувачка на материјал;
- избира основен и помошен материјал во согласност со избраниот модел;
- идентификува потребни алати и машини за изработка на моделот;
- планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел;
- изработува даден модел;
- контролира квалитет и коригира грешки од изработка на моделот;
- го презентира изработениот модел;
- развива чувство за креативност;
- развива вештини за тимска работа и лична одговорност;
- развива работни навики, рационално да ги користи материјалите, да има чувство на одговорност;
- применува заштитни средства на работното место;
- ги одржува средствата за работа и се грижи за хигиената на работното место.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по предметот ***практична настава,*** потребни се знаења од наставните предмети: технологија на текстил и кожа, текстилно-кожарски суровини, техничко цртање и машински елементи од I година и технологија на изработка на облека, естетско обликување на облека, практична настава од II година, основи на конструкција на облека од II и III година и компјутерско конструирање и моделирање на облеката од III година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	**Бр. на часо-ви**	*Конкретни цели*	*Дидактички насоки*	*Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите*
ИЗРАБОТКА НА ЖЕНСКА БЛУЗА	**30**	*Ученикот да:* • скицира модел на женска блуза; • анализира и опишува модел на женска блуза; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел на женска блуза; • изработува кројна слика, рачно/компјутерки, за женска блуза со рационално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и помошен материјал за изработка женска блуза; • избира основен и помошен материјал во согласност со избраниот модел на женска	• презентирање на различни изработени модели на женски блузи; • скицирање и анализа на модел женска блуза; • демонстрирање на изработка кројна слика за здолниште за материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка на женска блуза; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно-кожарски суровини компјутерско конструирање и моделирање

		блуза; • идентификува потребни алати и машини за изработка на женска блуза; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на женска блуза; • го применува технолошкиот редослед на работните • операции за изработка на женска блуза; • крои женска блуза; • лепи лепенки на женска блуза; • прави подготовка за шиење женска блуза; • шие женска блуза; • врши меѓуфазно пеглање на женска блуза; • врши завршно пеглање на женска блуза; • контролира квалитет и коригира грешки од изработка на женска блуза; • презентира изработен модел на женска блуза; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето	женска блуза; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката на шиење и контрола на квалитет на шиењето; • давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ;	на облеката

		на изработениот модел;		
ИЗРАБОТКА НА ДНЕВЕН ФУСТАН	**30**	• скицира модел на дневен фустан; • анализира и опишува модел на дневен фустан; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел на дневен фустан; • изработува кројна слика, рачно/компјутерски, за дневен фустан со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и помошен материјал за изработка дневен фустан; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел на дневен фустан; • идентификува потребни алати и машини за изработка дневен фустан; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на дневен фустан; • го применува технолошкиот редослед на работните	• презентирање на различни изработени модели на дневни фустани; • скицирање и анализа на модел дневен фустан; • демонстрирање на изработка на кројна слика за здолниште на материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка на дневен фустан; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на дневен фустан; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката на шиење и контрола на квалитетот на шиењето;	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно-кожарски суровини компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		операции за изработка дневен фустан; • крои дневен фустан; • лепи одредени лепенки на дневен фустан; • прави подготовка за шиење на дневен фустан; • шие дневен фустан; • врши меѓуфазно пеглање на дневен фустан; • врши завршно пеглање на дневен фустан; • шие копче; • контролира квалитет и • корегира грешки од изработка на дневен фустан; • презентира изработен модел на дневен фустан; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето на изработениот модел;	• давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ;	
ИЗРАБОТКА НА ЖЕНСКИ / МАШКИ РАБОТЕН МАНТИЛ	**30**	• скицира модел на женски/ машки работен мантил; • анализира и опишува модел на работен мантил; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел на работен мантил;	• презентирање на различни изработени модели на машки и на женски работни мантили; • скицирање и анализа на модел на работен мантил; • демонстрирање на изработка кројна слика за работен мантил	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката

		• изработува кројна слика (рачно/компјутерски) за работен мантил со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и помошен материјал за изработка на работен мантил; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел на работен мантил; идентификува потребни алати и машини за изработка на работен мантил; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на работен мантил; • го применува технолошкиот редослед на работните операции за изработка на работен мантил; • крои работен мантил; • прави подготовка за шиење на работен мантил; • лепи одредени делови со лепенка; • шие работен мантил;	за материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и на помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и на помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка на работен мантил; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на работен мантил; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката на шиење и контрола на квалитет на шиењето; • давање упатства за корекција на грешките; • надгледување за правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ.	естетско обликување на облеката текстилно-кожарски суровини компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		• врши меѓуфазно пеглање на одредени делови; • врши завршно пеглање на работен мантил; • шие копче; • контролира квалитет и корегира грешки од изработка на работен мантил; • презентира изработен модел од работен мантил; • ја одржува хигиената на работното место; учествува во вреднувањето на изработениот модел		
ИЗРАБОТКА НА МАШКИ ПАНТАЛОНИ	**30**	• скицира модел на машки панталони; • анализира и опишува модел на машки панталони; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел на машки панталони; • изработува кројна слика (рачно/компјутерски) за машки панталони со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и на помошен материјал за изработка на	• презентирање на различни изработени модели на машки панталони; • скицирање и анализа на модел на машки панталони; • демонстрирање на изработка на кројна слика за машки панталони за материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и помошен материјал,	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно кожарски суровини

		машки панталони; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел на работен мантил; • идентификува потребни алати и машини за изработка на машки панталони; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на машки панталони; • го применува технолошкиот редослед на работните операции за изработка на машки панталони; • крои машки панталони; • прави подготовка за шиење машки панталони; • шие машки панталони; • врши меѓуфазно пеглање на одредени делови на машки панталони; • врши завршно пеглање на панталони; • шие копче; • контролира квалитет и корегира грешки од	алати и машини во согласност со потребите за изработка машки панталони; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на машки панталони; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката на шиење и контрола на квалитет на шиењето; • давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ.	компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		изработка на машки панталони; • врши завршно пеглање на машки панталони; • шие копче; • презентира изработен модел на машки панталони; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето на изработениот модел		
ИЗРАБОТКА НА МАШКА КОШУЛА	**30**	• скицира модел на машка кошула; • анализира и опишува модел на машка кошула; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел машка кошула; • изработува кројна слика за машка кошула со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и на помошен материјал за изработка на машка кошула; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел на машка	• презентирање на различни изработени модели на машки кошули; • скицирање и анализа на модел на машка кошула; • демонстрирање на изработка кројна слика за машка кошула од материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и на помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка машка кошула; • давање упатства за изработка	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно-кожарски суровини

		кошула; • идентификува потребни алати и машини за изработка на машка кошула; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на машка кошула; • го применува технолошкиот редослед на работните операции за изработка на машка кошула; • крои машка кошула; • прави подготовка за шиење машка кошула; • шие машка кошула; лепи одредени делови со лепенка; • пегла меѓуфазно одредени делови; • шие копче и завршно пегла машка кошула; • контролира квалитет и корегира грешки од машка кошула; • презентира изработен модел на машка кошула; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето	на технолошкиот редослед на операциите за изработка на машка кошула; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката за кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката за шиење и контрола на квалитет на шиењето; • давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување на хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ.	компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		на изработениот модел		
ИЗРАБОТКА НА ДЕТСКО ФУСТАНЧЕ	30	• скицира модел на детско фустанче; • анализира и опишува модел на детско фустанче; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел на детско фустанче; • изработува кројна слика (рачно/компјутерски) за детско фустанче со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и на помошен материјал за изработка на детско фустанче; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел на детско фустанче; • идентификува потребни алати и машини за изработка на детско фустанче; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел детско фустанче;	• презентирање на различни модели на детски фустанчиња; • скицирање и анализа на модел од детско фустанче; • демонстрирање на изработка кројна слика за детско фустанче од материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и на помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и на помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка на детско фустанче; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на детско фустанче; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитет на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката на шиење и контрола на квалитет на шиењето;	технологија на изработка на облека основи на конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно кожарски суровини компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		• го применува технолошкиот редослед на работните операции за изработка на детско фустанче; • крои детско фустанче; • врши подготовка за шиење детско фустанче; • лепи одредени делови со лепенка; • пегла меѓуфазно одредени делови; • шие детско фустанче; • шие копче; • завршно пегла детско фустанче; • контролира квалитет и корегира грешки од детско фустанче; • презентира изработен модел на детско фустанче; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето на изработениот модел	• давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место; • вреднување на изработениот производ.	
ИЗРАБОТКА НА ДЕТСКИ ТРЕНЕРКИ	**36**	• скицира модел на женски или машки детски тренерки; • анализира и опишува модел на детски тренерки; • ги идентификува кројните делови за избраниот модел	• презентирање различни изработени модели на женски и на машки детски тренерки; • скицирање и анализа на модел детски тренерки; • демонстрирање на изработка	технологија на изработка на облека основи на

		детски тренерки; • изработува кројна слика (рачно/компјутерски) за детски тренерки со максимално искористување на материјалот; • пресметува потрошувачка на основен и помошен материјал за изработка на детски тренерки; • избира основен и помошен материјал во согласност со потребите за изработка на избраниот модел детски тренерки; • идентификува потребни алати и машини за изработка на детски тренерки; • планира технолошки редослед на работни операции за изработка на избраниот модел на детски тренерки; • го применува технолошкиот редослед на работните операции за изработка на детски тренерки; • крои детски тренерки; • врши подготовка за шиење детски тренерки; • лепи одредени делови со	на кројна слика за детски тренерки за материјал со различна ширина; • презентирање начини за пресметување потрошувачка на основен и на помошен материјал; • давање упатства за избор на основен и помошен материјал, алати и машини во согласност со потребите за изработка на детски тренерки; • давање упатства за изработка на технолошкиот редослед на операциите за изработка на детски тренерки; • демонстрирање изработка на одделни операции; • објаснување на постапката на кроење и контрола на квалитетот на искроените делови; • објаснување и демонстрација на постапката за шиење и контрола на квалитет на шиењето; • давање упатства за корекција на грешките; • надгледување на правилна употреба на машините и алатите за работа и одржување хигиена на работното место;	конструкција на облеката естетско обликување на облеката текстилно-кожарски суровини компјутерско конструирање и моделирање на облеката

		лепенка; • шие детски тренерки; • пегла меѓуфазно одредени делови; • шие копче и завршно пегла детски тренерки; • контролира квалитет и корегира грешки од изработка на детски тренерки; • презентира изработен модел на детски тренерки; • ја одржува хигиената на работното место; • учествува во вреднувањето на изработениот модел	• вреднување на изработениот производ.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно со целите на наставниот предмет ***практична настава,*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) за учење и оценување во зависност од наставната целина, односно наставната единица, кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставниот процес. Наставните методи (стратегии) подразбираат примена на фронтална и на индивидуална форма за работа, работа во групи, во парови/тандем, а методите на оценување овозможуваат учество на ученикот во процесот на оценување (самооценување, оценување на соученици).

Во текот на наставата, наставникот ги предвидува и применува следниве активности: објаснува, демонстрира, скицира, презентира, пресметува, дава упатства за работа, опишува, анализира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, набљудување, анализирање, споредување, прибележување, ракување со машини, уреди и компјутерски програм за CAD- CAM во конфекциското производство, самостојна изработка и презентација на модели од предмети за облекување, изработување домашни задачи, учество во процесот на оценување и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно – образовната работа по наставниот предмет ***практична настава*** се реализира преку стручно-теоретска и практича настава и вежби во специјализирана или кабинет-училница (конфекциска работилница) опремена според Нормативот за наставни средства и помагала за образовниот профил конфекциски компјутерски оператор од текстилно-кожарската струка и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилната дејност.

Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите по групи. Во прво полугодие се препорачува изработката на кројни слики да се прави рачно, а во второ полугодие да се прави компјутерски. Бројот на часовите кој е даден за реализација на тематските целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за нови наставни содржини и часови за изработка на практичните задачи, часови за вежби, повторување и утврдување, како и посета на конфекциски погони, саеми за текстил и мода.

Непосредната поврзаност меѓу наставните програми по Технологија на изработка на облека, Основи на конструкција на облеката, Естетско обликување на облеката, Текстилно-кожарски суровини и Компјутерско конструирање и моделирање на облеката, ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие наставни програми.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***практична настав,*** во зависност од наставната единица, се применуваат наставни средства и помагала; изработени конфекциски производи, прибор за цртање, ИКТ, шеми, слики, модни списанија, маси за кроење, машини и алати за кроење, машини за шиење, пегли, манекен-кукли и други наставни средства и помагала предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала по предметот за образовниот профил конфекциски компјутерски оператор.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за ученикот и наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година, преку следење и вреднување на знаењата, умеењата, вештините, трудољубивоста, уредноста, работниот дневник, изработените конфекциски производи, континуирано во текот на целата учебна година. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***практична настава*** треба да ги поседува следните индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кој се реализира наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***практична настава*** ја реализираат кадри со завршени студии по:
- технологија - конфекциска насока или конфекциско инженерство;
- технологија - текстилна насока или текстилно инженерство;
- технологија – насока дизајн и инженеринг на облеката.

и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

По исклучок
-виша текстилна школа –конфекциска насока
и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***практична настава*** се реализира во рамките на училиштето во специјализирана или кабинет-училница (конфекциска работилница) опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил конфекциски компјутерски оператор од текстилно-кожарската струка и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност.

7. ДАТУМ И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка*: мај, 2013 година*

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпческа, раководител, советник во ЦСОО - Скопје
2. Д-р Горан Дембовски, професор на Технолошко - металуршки факултет - Скопје
3. Сузана Илиева-Ангелова, дипл.инженер, наставник, СОУ „Ванчо Прке” - Виница
4. Милица Поповска, дипл. моден дизајнер конфекција АД Единство - Струмица

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: *1.09.2013 година*

Одобрил:
Зеќир Зеќири, директор

9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава за III година***, текстилно-кожарска струка - образовен профил конфекциски компјутерски оператор за учениците во средното стручно образование, на предлог на Центарот за стручно образование и обука, ја донесе Министерот за образование и наука со бр.11-4678 /1, на ден 11.09.2013 година.

Министер,

Спиро Ристовски